ИЗЛОЖБИ

# СЛУЧКИ ВО ЕДЕН ДВОР

***„Соседи 2: Дворот“, самостојна изложба на Оливер Мусовиќ во Музејот на современа уметност, Скопје, 24.10. - 04.11.2002.***

Мусовиќ е еден од помладата генерација автори што се појави во втората половина на деведесеттите, во кои секојдневието како реакција, односно како инспирација, беше практикувано од повеќемина уметници во Македонија, кои се изразуваат во различни медиуми. Неговото самостојно презентирање во Музејот на современа уметност - Скопје, се случи во октомври оваа година. Тоа е негово прво самостојно претставување во оваа институција.



*Пред извесно време некој го украде капакот на канализациската шахта, па, сега, дупката е затворена со стара врата од кола. Во позадината се гледа уште една шахта покриена со голем камен. Во дворот, од четири шахти само една (која, исто така, се гледа на фотографијава) го има оригиналниот капак.*

Обемниот текст во каталогот, од Соња Абаџиева, ги опфаќа и толкува досегашните негови проекти. Насловувајќи го како „Холмс од нашата ликовна улица“, таа секако се осврнува и на последниов, во кој се вметнати досегашните размислувања, а се внесени и нови моменти.

Приказните раскажани во **Соседи 2** се всушност продолжение на **соседи** (2000, во Отвореното графичко студио), со таа разлика што во првите ги регистрира сликите од секојдневието во влезот, а во вториот дел настаните во дворот. И во двата случаи присуството на личностите е намерно запоставено, иако токму тие се „креатори“ на конкретната глетка. Во овие два проекти се забележува еден истражувачки дух на авторот преку константното следење и регистрирање на „случки“, истовремено настојувајќи да ги навести социјално-етичкото и кризата на индивидуата.

Изложените десет црно-бели фотографии, со поголеми димензии, можеби не одразуваат високи уметнички квалитети, но тоа е и идејата на самиот автор којшто, пред сè, се фокусира на прикажаната. Секоја од нив е проследена со кратки текстови (навидум банални), но тие се нераскинлив дел од делото, бидејќи преку нив поконкретно е одразена иронијата, чија улога е да се предизвика првичната релација со гледачот.

Интересен момент е што тој постојано е опседнат со неговата непосредна околина, па и од внатрешноста на неговиот дом којшто е лоциран во едно од предградијата на Скопје.

На прв поглед изгледа дека нема намера да критикува, од причина што неговите текстови зрачат со топлина и позитивна енергија кон луѓето со кои го дели своето секојдневие. Но, содржините на фотографиите одразуваат одредена критичка нота, бидејќи она што е грижа на општеството - на градските власти е префрлена на неговите соседи. Тие ја преземаат нивната улогата, со цел барем малку да си помогнат во осмислувањето на нивниот двор, применувајќи импровизации, кои создаваат необични ситуации. Начинот на којшто визуелно ги пренесува, со зумирање на детали што ја проектираат вистината за нашата стварност, и начинот на којшто ги интерпретира, Мусовиќ ја остварува основната замисла на еден ваков тип на проект, чија едноставност овозможува брзо и лесно апсорбирање на делото.



Оливер Мусовиќ е роден 1971 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек графика во 1997. Тековно посетува постдипломски студии на истиот факултет. Досега има пет самостојни претставувања, а земал учество и на повеќе групни изложби во земјава и во странство. Можеме да го издвоиме неговото учество на значајните меѓународни манифестации како што се 6-то Меѓународно истанбулско биенале во 1999 г. и Манифеста 4 - Европско биенале на современа уметност, Франкфурт 2002 г.

Мира ГАЌИНА